# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

| Службен гласник на Општина Велес | Број 9 Година LIX |
|---|---|
| Излегува по потреба | 02 септември 2024 година |
| www.veles.gov.mk | opve@veles.gov.mk |


**Бр.187**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за разгледување Информација за состојбата на езеро „Младост“ Велес**

Се објавува Заклучокот за разгледување Информација за состојбата на езеро „Младост“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.08.2024 година.

Број 08-3386/1
02.09.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,03/09,18/10, 15/14,15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.08.2024 година одржана на 29.08.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за разгледување Информација за состојбата на езеро „Младост“ Велес**

1.Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за состојбата на езеро „Младост“ Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 25-3377/3
30.08.2024 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.188**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување за Одлука за воспоставување и одржување на Катастар за животната средина на територијата на Општина Велес**

Се објавува Одлуката за воспоставување и одржување на Катастар за животната средина на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29.08.2024 година.

Број 08-3386/2
02.09.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 42, став 5 од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и Службен весник на РСМ бр.89/22 и 171/22”), член 22 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02), а согласно член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09,18/10 и 15/14,15/18,06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за воспоставување и одржување на Катастар за животната средина на територијата на Општина Велес**

**I. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се воспоставува и одржува Катастар за животната средина на територијата на Општина Велес.

**Член 2**

Катастарот за животната средина е динамичен стратешки документ за квалитативна и квантитативна евиденција на загадувачите и на изворите кои испуштаат загадувачки материи и супстанции во медиумите на животната средина, во кој се вклучени и картите на загадувачи.

Со изработката на Катастарот на територијата на Општина Велес се воспоставува и електронска база на податоци за состојбата со емитерите и емисијата на загадувачките супстанции во воздухот, водата, почвата и генерираниот отпад.

**Член 3**

Со воспоставување на Катастарот за животна средина се задолжува Општина Велес да врши следење на трендовите на основните индикатори за квалитетот на животната средина и контрола над успешноста на превземените мерки за заштита на животната средина.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3377/4
30.08.2024 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.189**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за усвојување на План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за општина Велес за период 2023-2027**

Се објавува Одлуката за усвојување на План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за општина Велес за период 2023-2027, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29.08.2024 година.

Број 08-3386/3
02.09.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 26 од Законот за квалитет на амбиентен воздух („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21), член 22, став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02), а согласно член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09,18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за општина Велес за период 2023-2027**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Планот за квалитет на амбиентниот воздух на територијата на Општина Велес.

**Член 2**

Планот за квалитет на амбиентниот воздух е стратешки документ за оцена и подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во општината, за загадувачки супстанции во амбиентниот воздух кои ги надминуваат граничните вредности.

Во Планот се дефинирани краткорочни, среднорочни и долгорочни мерки за подобрување на квалитетот на воздухот во Општина Велес, за периодот 2023–2027 година.

**Член 3**

По усвојувањето на Планот од член 1 на оваа Одлука се задолжува Општина Велес да ја следи состојбата со квалитетот на воздухот и да ги спроведува мерките во утврдените временски рокови од Планот.

По усвојување на Планот од член 1 на оваа Одлука се задолжува Градоначалникот да формира Координативно тело задолжено да врши мониторинг на реализацијата на Планот за подобрување на квалитетот на воздухот.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3377/5
30.08.2024 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.190**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на ИСПРАВКА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА ЕВРОИНТЕГРАЦИИТЕ И ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО 2024 ГОДИНА**

Се објавува ИСПРАВКАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА ЕВРОИНТЕГРАЦИИТЕ И ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО 2024 ГОДИНА, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29.08.2024 година.

Број 08-3386/4
02.09.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

По извршеното проверување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година, објавена во („Службен гласник на Општина Велес” бр.8/24), направена е техничка грешка, поради што се дава

ИСПРАВКА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА ЕВРОИНТЕГРАЦИИТЕ И ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО 2024 ГОДИНА

1. **Редниот број „12“** пред зборовите „Во редот „Вкупно“, во колоната „Буџет на општина Велес“ износот „47.594.520,00“ се заменува со износот „50.884.245,00“ “ **се заменува со реден број „19“.**

2. **Редниот број „13“** пред зборовите „Во редот „Вкупно“, во колоната „Вкупно“ износот 95.643.254,00“ се заменува со износот „98.932.979,00“ “ **се заменува со реден број „20“.**

Број 25- 3377/6
30.08.2024 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.191**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за за донесување Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година**

Се објавува Заклучокот за за донесување Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.08.2024 година.

Број 08-3386/5
02.09.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06,03/09,18/10, 15/14,15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.08.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година**

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-3377/7
30.08.2024 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 36 став (1) точка 1, а во врска со член 50 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 45 став (1) од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 6/19 и 8/21), а по предлог на градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.08.2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година**

**Член 1**

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.17/23, 18/23, 1/24 и 8/24), во Главата „IV. Табеларен приказ на активностите и финансиските средства на програмата", во табелата, реден број 5, во колоната „Надворешни фондови", износот „915.000,00" се заменува со износот „919.000,00".

2. Во реден број 5, во колоната „Вкупно", износот „919.000,00" се заменува со износот „923.000,00".

3. Во редот „Вкупно", во колоната „Надворешни фондови" износот „48.048.734,00" се заменува со износот „48.052.734,00".

4. Во редот „Вкупно", во колоната „Вкупно" износот „98.932.979,00" се заменува со износот „98.936.979,00 ".

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25- 3377/7
30.08.2024 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.192**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за утврдување на урбанистички проект со план за парцелација на ГП М1.12, ГП М1.13 И ГП М1.14, од УПВНМ Башино село,**
**М.В. Зад Црква, Општина Велес**

Се објавува Одлуката за утврдување на урбанистички проект со план за парцелација на ГП М1.12, ГП М1.13 И ГП М1.14, од УПВНМ Башино село, М.В. Зад Црква, Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29.08.2024 година.

Број 08-3386/6
02.09.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 63, од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр. 32/20 и 111/23) член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 29.08.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на урбанистички проект со план за парцелација на ГП М1.12, ГП М1.13 И ГП М1.14, од УПВНМ Башино село, М.В. Зад Црква, Општина Велес**

**Член 1**

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација на ГП М1.12, ГП М1.13 и ГП М1.14, од УПВНМ БАШИНО СЕЛО, М.В. ЗАД ЦРКВА, ОПШТИНА ВЕЛЕС, со вкупна површина од 1580 м², односно 0.16 ха.

**Член 2**

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение бр.08-2232/1 од 05.05.2023 година, согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр. 32/20 и 111/23), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП М1.12, ГП М1.13 и ГП М1.14, од УПВНМ БАШИНО СЕЛО, м.в. ЗАД ЦРКВА, ОПШТИНА ВЕЛЕС изработен од Друштво за градежништво, промет, посредување и услуги УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, со тех бр 70/22-1 од Јули 2024 година, ревидиран од „ИНГРА“ ДООЕЛ СКОПЈЕ, со тех.бр. 156/23 од Јули 2024 год.

**Член 3**

Оваа Одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП М1.12, ГП М1.13 и ГП М1.14, од УПВНМ БАШИНО СЕЛО, М.В. ЗАД ЦРКВА, ОПШТИНА ВЕЛЕС.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 25- 3377/8
30.08.2024 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.193**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за донесување Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес во 2024 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес во 2024 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.08.2024 година.

Број 08-3386/7
02.09.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,03/09,18/10, 15/14,15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.08.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес во 2024 година**

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес во 2024 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3377/9
30.08.2024 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02), член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20 и 111/23) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.08.2024 година донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за измена и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес во 2024 година**

Во Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес во 2024 година (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.17/23,8/24), се врши изменување и дополнување и тоа:

1. Во глава II –„Планирање”, во точка 3

„Изработка на урбанистички планови” после ред број 48, се додава ред бр.49 со следната содржина:

| | | |
|---|---|---|
| 49 | „ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 58, УРБАНА ЕДИНИЦА XII, ОПШТИНА ВЕЛЕС | Приватна иницијатива |

1. Во глава II –„Планирање", во точка 5

„Изработка на урбанистички проекти" после реден број 2, се додава ред бр.3 и 4 со следната содржина:

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Урбанистички проект со план за парцелација со поединечна класа на намена Г3 - Сервиси на ГП 18 и ГП 20 од ДУП: Детален урбанистички план за УЕ 2, УБ12, КО Велес, Општина Велес донесен со одлука бр. 07-7149/4 од 30.09.2014год., Општина Велес | Приватна иницијатива |
| 4 | Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 20.47.2 ОД ДУП: ДЕЛ ОД УБ16, ДЕЛ ОД УБ19 И УБ20, УЕ II мв Трпезица, со намена А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ, Општина Велес | Приватна иницијатива |

3.Оваа Програма влегува во сила осмиот од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25- 3377/9
30.08.2024 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.194**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на Општина Велес за 2024 година**

Се објавува Решението за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на Општина Велес за 2024 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.08.2024 година.

Број 08-3386/8
02.09.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 20-б, став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, донесе

**Решение**
**за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на Општина Велес за 2024 година**

1.Советот на Општина Велес дава согласност на Измената на Годишниот план за вработување на Општина Велес за 2024 година со бр.08-431/3 од 01.08.2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3377/10
30.08.2024 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.195**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),
Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување на Општина Велес за 2025 година**

Се објавува Решението за давање согласност на Годишен план за вработување на Општина Велес за 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.08.2024 година.

Број 08-3386/9
02.09.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 20-б, став 1, алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, донесе

**Решение**
**за давање согласност на Годишен план за вработување на Општина Велес за 2025 година**

1.Советот на Општина Велес дава согласност на Годишниот план за вработување на Општина Велес за 2025 година со бр.08-2715/1 од 27.06.2024 година.
2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25- 3377/11
30.08.2024 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.196**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

Се објавува Одлуката за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29.08.2024 година.

Број 08-3386/10
02.09.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), и член 45,став 1 од Статутот на Општина Велес,(„Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09,18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), а во врска со член 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија„бр. 75/19,89/22 и 274/22) како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.283 од 27.12.2022 година) Советот на Општина Велес на седница одржана на 29.08.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

**Член 1**

Општина Велес распишува Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес.

**Член 2**

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик согласно законските прописи. Јавниот повик е даден во прилог на оваа одлука.

**Член 3**

Постапката за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес, ја спроведува Комисија за селекција формирана од Советот на Општина Велес.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес.

Број 25-3377/12
30.08.2024 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член.26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија„бр. 75/19,89/22 и 274/22) како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.283 од 27.12.2022 година),

Советот на Општина Велес објавува:

**Јавен повик**
**за избор на членови на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на два члена члена на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес.

Постапката ќе се спроведе согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 283). Основна дејност на претпријатието е 36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода.

Покрај основните дејности, Претпријатието обавува и други дејности:

01.19 Одгледување на останати едногодишни насади и посеви

0129 Одгледување на останати повеќегодишни посеви

01 .3О Одгледување на саден материјал

43.11 Уривање

43.12 Подготвителни работи на градилиште

42.91 Изградба на хидроградежни објекти

43.22 Поставување на инсталации за водовод, канализација и плин и инсталации за греење и клима-уреди

68.20 Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг)

71.11 Архитектонски дејности

71.12 Инжинерство и со него поврзано техничко советување

7120 Техничко испитување и анализа

96,03 Погребни и слични дејности

-Одржување на гробишта како тековно и инвестиционо одржување на комуналната инфраструктура и придружните објекти на гробиштата

81 30. Услужни дејствија за уредување и одржување на животната средина

42.99 Изградба на други објекти од нискоградба, неспомнати на друго место

43.99 Останати специјализирани градежни работи, неспомнати на друго место

37.00 Отстранување на отпадни води

38.11 Собирање на безопасен отпад

38.21 Обработка и отстранување на безопасен отпад

38.32 Обновување на посебно издвоени материјали

46.77 Трговија на големо отпадоци и остатоци.

2. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите заинтересирани физички лица кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Велес www.veles.gov.mk и на страната на ЈКП „Дервен“ Велес https://derven.mk/

3. УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

За член на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес на јавното претпријатие може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите наведени во член 26 став 2 од Законот за јавни претпријатија, членовите на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес, треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:

- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно Националната класификација на дејностите на Државниот завод за статистика,
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и

Времетраењето на мандатот на членовите на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

4. РАБОТНИ ЗАДАЧИ, ОДГОВОРНОСТИ, ПРАВА И ОБВРСКИ НА НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Согласно член 27 од Законот за јавните претпријатија, Надзорниот Одбор, ги извршува следните работни задачи, одговорности, права и обврски и тоа:

1. Заради вршење на работите на контрола, надзорниот одбор за контрола може да врши испитување на лице место на сите документи и списи на јавното претпријатие. Надзорниот одбор за контрола може заради испитување на документите и списите на јавното претпријатие да повика стручни лица кои ќе му помагаат во решавањето на надзорот.
2. Членовите на надзорниот одбор за контрола можат да присуствуваат на седницата на управниот одбор и им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат на членовите на управниот одбор.
3. Надзорниот одбор за контрола задолжително ги прегледува тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работа на јавното претпријатие и по прегледувањето му дава мислење на управниот одбор. Управниот одбор не може да ги усвои тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие, ако претходно не добие позитивно мислење од надзорниот одбор за контрола.
4. Надзорниот одбор за контрола може да дава одобрение на актите донесени од управниот одбор, доколку тоа е утврдено со статутот на јавното претпријатие.
5. Извештајот за прегледот на годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие со свое мислење, надзорниот одбор за контрола му го доставува на министерот за финансии. Во извештајот до министерот за финансии, надзорниот одбор за контрола го известува за состојбата на јавното претпријатие врз чие работење врши контрола. Надзорниот одбор за контрола копие од извештајот му доставува и на министерот надлежен за работите на соодветната дејност.
6. Претседателот на надзорниот одбор на јавното претпријтие или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува членот на надзорниот одбор овластен од претседателот, е должен да присуствува на седницата на Советот на општината, кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на надзорниот одбор на јавното претпријатие.
7. Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

5. НАДОМЕСТОК

Претседателот и членовите на надзорниот одбор на јавното претпријатие за секоја седница на надзорен одбор на која присуствувале имаат право на надоместок во висина до една третина од просечната нето плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година.

Висината на надоместокот од ставот 2 на овој член со одлука го утврдува основачот на јавното претпријатие и изнесува: за Претседателот надоместок во износ од 2.000,00 денари и за членовите надоместок во износ од 2.000,00 денари согласно Одлуката за утврдување на надоместок за присуство на седници на членовите на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес („Службен гласник на општина Велес“ број 11/23);

6. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Задолжителни документи кои треба да бидат доставени како доказ за исполнување на условите за член на Надзорниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес се:

1. Државјанство на Република Северна Македонија,
2. Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие,
3. Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
4. Историјат за вработување од Агенција за вработување на Република Северена Македонија со евидентиран стаж,
5. Изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна материјална, морална и кривична одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведените податоци во пријавата и за поднесената документација,
6. Кратка биографија,
7. Писмо за интерес/мотивација,
8. Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон.

7. ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ

Постапката за селекција на членовите на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес се состои од две фази и тоа:

- административна селекција (се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во Јавниот повик и бодување и
- интервју (го спроведува Комисијата за селекција која на предлог на Градоначалникот, ја избира Советот на општината).

Точниот датум, време и место на оддржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на Општина Велес: www.veles.gov.mk.

9. РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВЕНИТЕ

Јавниот повик се објавува на ден 10.09.2024 година и трае 10 работни дена, односно до 23.09.2024 година.

Пријавените кандидати соодветната документација во хартиена форма во оргинал или копија заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (која е прилог кон повикот) да ја достават до:

Општина Велес, ул„Панко Брашнар” бр.1, 1400 Велес или во архива на Општина Велес (со назнака: За Јавен повик за именување на член на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес)

Незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови во управниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

Напомена: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

Број 25-3377/12
30.08.2024 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.197**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за именување на член во Управен одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци**

Се објавува Решението за именување на член во Управен одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.08.2024 година.

Број 08-3386/11
02.09.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.283 од 27.12.2022 година) член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06,03/09,18/10, 15/14,15/18 и 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.08.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на член во Управен одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци**

1. Со ова Решение Сашко Ташковски се именува за член на Управен одбор во Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25- 3377/13
30.08.2024 година
В е л е

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.198**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за именување на член во Надзорен одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци**

Се објавува Решението за именување на член во Надзорен одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.08.2024 година.

Број 08-3386/12
02.09.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 26 и член 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.283 од 27.12.2022 година) член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06,03/09,18/10, 15/14,15/18 и 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.08.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на член во Надзорен одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци**

1. Со ова Решение Сашка Чонева Симсарова се именува за член на Надзорен одбор во Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3377/14
30.08.2024 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.199**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на ООМУ ,,Стефан Гајдов” Велес за 2024 година**

Се објавува Решението за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на ООМУ ,,Стефан Гајдов” Велес за 2024 година, што Советот на Општина Велес

го донесе на седницата одржана на 29.08.2024 година.

Број 08-3386/13
02.09.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02), член 84 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19 и 229/20), член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06,03/09,18/10,15/14,15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.08.2024 година, донесе

**Решение**
**за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на ООМУ ,,Стефан Гајдов" Велес за 2024 година**

1. Со ова Решение се дава согласност на Измената на Годишниот план за вработување на ООМУ ,,Стефан Гајдов" Велес за 2024 година со број 01-195/1 од 09.07.2024 година.

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-3377/15
30.08.2024 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.200**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување Годишен извештај за работата на ООМУ „Стефан Гајдов" Велес во учебната 2023/2024 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Годишен извештај за работата на ООМУ „Стефан Гајдов" Велес во учебната 2023/2024 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.08.2024 година.

Број 08-3386/14
02.09.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 108 став 1 алинеја 2 од Законот за основното образование „(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19 и 229/20), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09,18/10, 15/14, 15/18 и 06/19)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.08.2024 година донесе,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишен извештај за работата на ООМУ „Стефан Гајдов" Велес во учебната 2023/2024 година**

1. Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за работата на ООМУ „Стефан Гајдов" Велес во учебната 202/2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3377/16
30.08.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.201**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување Годишна програма за работата на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес за учебната 2024/2025 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Годишна програма за работата на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес за учебната 2024/2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.08.2024 година.

Број 08-3386/15
02.09.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 49, став 8 од Законот за основното образование „(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09,18/10, 15/14, 15/18 и 06/19),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.08.2024 година донесе,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишна програма за работата на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес за учебната 2024/2025 година**

1. Советот на Општина Велес ја усвои Годишната програма за работата на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес за учебната 2024/2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3377/17
30.08.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.202**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување Годишен извештај за работата на ООУ „Васил Главинов“ Велес во учебната 2023/2024 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Годишен извештај за работата на ООУ „Васил Главинов“ Велес во учебната 2023/2024 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.08.2024 година.

Број 08-3386/16
02.09.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 108 став 1 алинеја 2 од Законот за основното образование „(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09,18/10, 15/14, 15/18 и 06/19)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.08.2024 година донесе,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишен извештај за работата на ООУ „Васил Главинов“ Велес во учебната 2023/2024 година**

1. Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за работата на ООУ „Васил Главинов“ Велес во учебната 2023/2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3377/18
30.08.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.203**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување Годишна програма за работата на ООУ „Васил Главинов“ Велес за учебната 2024/2025 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Годишна програма за работата на ООУ „Васил Главинов“ Велес за учебната 2024/2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.08.2024 година.

Број 08-3386/17
02.09.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 49, став 8 од Законот за основното образование „(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09,18/10, 15/14, 15/18 и 06/19),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.08.2024 година донесе,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишна програма за работата на ООУ „Васил Главинов“ Велес за учебната 2024/2025 година**

1. Советот на Општина Велес ја усвои Годишната програма за работата на ООУ „Васил Главинов“ Велес за учебната 2024/2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3377/19
30.08.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.204**

